РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-166
13.04. 2021 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1223/1 од 25.03.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година согласно Заклучокот арх.бр.02-1589/3 од 12.04.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 1-ви до 19-ти март 2021 година, премиерите и репризите на играниот серијал „Ангели" беа погрешно категоризирани и означени како програма од Втора категорија (8+), додека пак репризите беа емитувани и во несоодветен временски период од денонoќието (пред 20 часот), а според критериумите од членот 14 од Правилникот за заштита на малолетните лица, овие емитувани епизоди требало да бидат означени со предупредувачка ознака „12+" – Трета категорија програма, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател и да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. Наведените премиери и репризи на играниот серијал „Ангели" се емитувани на следните датуми (во 2021 година) и во следните временски периоди, и тоа:
- На 1/2 март емитувани се: премиера на 115 епизода, во периодот од 22:41:23 часот до 00:32:36 часот и реприза на 114 епизода, во периодот од 14:46:12 часот до 17:03:15 часот;
- На 2/3 март емитувани се: премиера на 116 епизода, во периодот од 22:42:17 часот до 00:30:54 часот и реприза на 115 епизода, во периодот од 14:43:00 часот до 17:06:08 часот;
- На 3/4 март емитувани се: премиера на 117 епизода, во периодот од 22:41:45 часот до 00:32:54 часот и реприза на 116 епизода, во периодот од 14:42:14 часот до 17:04:45 часот;
- На 4/5 март емитувани се: премиера на 118 епизода, во периодот од 22:43:53 часот до 00:33:08 часот и реприза на 117 епизода, во периодот од 14:39:09 часот до 17:02:52 часот;

- На 5/6 март емитувани се: премиера на 119 епизода, во периодот од 22:43:43 часот до 00:29:55 часот и реприза на 118 епизода, во периодот од 14:34:50 часот до 17:00:00 часот;
- На 8/9 март емитувани се: премиера на 120 епизода, во периодот од 22:40:26 часот до 00:30:53 часот и реприза на 119 епизода, во периодот од 14:33:55 часот до 16:53:55 часот;
- На 9/10 март емитувани се: премиера на 121 епизода, во периодот од 22:39:43 часот до 00:29:12 часот и реприза на 120 епизода, во периодот од 14:36:36 часот до 16:54:16 часот;
- На 10/11 март емитувани се: премиера на 122 епизода, во периодот од 22:42:14 часот до 00:28:36 часот и реприза на 121 епизода, во периодот од 14:40:45 часот до 17:06:00 часот;
- На 11/12 март емитувани се: премиера на 123 епизода, во периодот од 22:40:07 часот до 00:29:41 часот и реприза на 122 епизода, во периодот од 14:43:42 часот до 17:01:17 часот;
- На 12/13 март емитувани се: премиера на 124 епизода, во периодот од 22:43:54 часот до 00:29:14 часот и реприза на 123 епизода, во периодот од 14:39:50 часот до 17:01:30 часот;
- На 15/16 март емитувани се: премиера на 125 епизода, во периодот од 22:38:52 часот до 00:33:09 часот и реприза на 124 епизода, во периодот од 14:40:02 часот до 16:56:17 часот;
- На 16/17 март емитувани се премиера на 126 епизода, во периодот од 22:45:22 часот до 00:34:52 часот и реприза на 125 епизода, во периодот од 14:39:23 часот до 16:45:27 часот;
- На 17/18 март емитувани се: премиера на 127 епизода, во периодот од 22:41:04 часот до 00:23:17 часот и реприза на 126 епизода, во периодот од 14:36:37 часот до 17:05:01 часот;
- На 18/19 март емитувани се: премиера на 128 епизода, во периодот од 22:41:00 часот до 00:26:51 часот и реприза на 127 епизода, во периодот од 14:04:14 часот до 16:57:47 часот;

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов на премиера (почеток и крај), број на епизода, реприза (почеток и крај), број на епизода и категорија на програмата - во точка 7 од Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1223/1 од 25.03.2021 година (составен дел на ова Решение како Прилог бр.1), а во точка 7 потточки 1, 2, 3 и 4 од истиот Извештај, за илустрација од анализата на емитуваните епизоди, се специфицирани издвоените четири епизоди од серијалот што содржат долготрајни, експлицитни сцени на брутално насилство и на последици од психофизичка тортура.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски (АААВМУ), врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенција.

Во рамките на своите законски надлежности, АААВМУ преку Секторот за програмски работи, на 25-ти март 2021 г., изврши редовен – со проширен опфат поради претставка (иницијатива на физичко лице) програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 1-ви до 19-ти март 2021 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, врз основа на надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 1-ви до 19-ти март 2021 г., премиерите и репризите на играниот серијал „Ангели" беа погрешно категоризирани и означени како програма од Втора категорија (8+), додека пак репризите беа емитувани и во несоодветен временски период од денонoќието (пред 20 часот), а според критериумите од членот 14 од Правилникот за заштита на малолетните лица, требало да бидат означени со предупредувачка ознака „12+" – Трета категорија програма, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател и да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. Наведените премиери и репризи на играниот серијал „Ангели" се емитувани на следните датуми (во 2021 г.) и во следните временски периоди, и тоа: на 1/2 март емитувани се: премиера на 115 епизода, во периодот од 22:41:23 часот до 00:32:36 часот и реприза на 114 епизода, во периодот од 14:46:12 часот до 17:03:15 часот; на 2/3 март емитувани се: премиера на 116 епизода, во периодот од 22:42:17 часот до 00:30:54 часот и реприза на 115 епизода, во периодот од 14:43:00 часот до 17:06:08 часот; на 3/4 март емитувани се: премиера на 117 епизода, во периодот од 22:41:45 часот до 00:32:54 часот и реприза на 116 епизода, во периодот од 14:42:14 часот до 17:04:45 часот; на 4/5 март емитувани се: премиера на 118 епизода, во периодот од 22:43:53 часот до 00:33:08 часот и реприза на 117 епизода, во периодот од 14:39:09 часот до 17:02:52 часот; на 5/6 март емитувани се: премиера на 119 епизода, во периодот од 22:43:43 часот до 00:29:55 часот и реприза на 118 епизода, во периодот од 14:34:50 часот до 17:00:00 часот; на 8/9 март емитувани се: премиера на 120 епизода, во периодот од 22:40:26 часот до 00:30:53 часот и реприза на 119 епизода, во периодот од 14:33:55 часот до 16:53:55 часот; на 9/10 март емитувани се: премиера на 121 епизода, во периодот од 22:39:43 часот до 00:29:12 часот и реприза на 120 епизода, во периодот од 14:36:36 часот до 16:54:16 часот; на 10/11 март емитувани се: премиера на 122 епизода, во периодот од 22:42:14 часот до 00:28:36 часот и реприза на 121 епизода, во периодот од 14:40:45 часот до 17:06:00 часот; на 11/12 март емитувани се: премиера на 123 епизода, во периодот од 22:40:07 часот до 00:29:41 часот и реприза на 122 епизода, во периодот од 14:43:42 часот до 17:01:17 часот; на 12/13 март емитувани се: премиера на 124 епизода, во периодот од 22:43:54 часот до 00:29:14 часот и реприза на 123 епизода, во периодот од 14:39:50 часот до 17:01:30 часот; на 15/16 март емитувани се: премиера на 125 епизода, во периодот од 22:38:52 часот до 00:33:09 часот и реприза на 124 епизода, во периодот од 14:40:02 часот до 16:56:17 часот; на 16/17 март емитувани се премиера на 126 епизода, во периодот од 22:45:22 часот до 00:34:52 часот и реприза на 125 епизода, во периодот од 14:39:23 часот до 16:45:27 часот; на 17/18 март емитувани се: премиера на 127 епизода, во периодот од 22:41:04 часот до 00:23:17 часот и реприза на 126 епизода, во периодот од 14:36:37 часот до 17:05:01 часот; на 18/19 март емитувани се: премиера на 128 епизода, во периодот од 22:41:00 часот до 00:26:51 часот и реприза на 127 епизода, во периодот од 14:04:14 часот до 16:57:47 часот, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов на премиера (почеток и крај), број на епизода, реприза (почеток и крај), број на епизода и категорија на програмата во точка 7 Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1223/1 од 25.03.2021 г. (составен дел на ова Решение како Прилог бр.1) Во секоја од епизодите наведени во табелата од цитираниот Извештај, земена како засебна аудиовизуелна

целина, интензитетот (времетраењето и режисерскиот пристап) на прикажаното психофизичко насилство - варира, но сепак, без исклучок, во одредена мерка епизодите содржат: чести и повторливи сцени / глетки со гестуални, вербални и визуелни прикази понижување на човековото достоинство (*на пример: клетви, погрдни зборови, закани и – затворање на еден од главните женски ликови во кафез*); „булинг", меѓугенерациско / врсничко насилство меѓу девојки од интернат; родова / социјална – стереотипија и дискриминација. Во точка 7 потточки 1, 2, 3 и 4 од напред цитираниот Извештај, за илустрација од анализата на емитуваните епизоди се специфицирани издвоените четири епизоди од серијалот што содржат долготрајни, експлицитни сцени на брутално насилство и на последици од психофизичка тортура.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје на 26.03.2021 г., испрати Допис (наш арх.бр.03-166 од 26.03.2021 г.) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1223/1 од 25.03.2021 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок, ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Советот на Агенцијата на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен програмски надзор наш арх.бр.10-1223/1 од 25.03.2021 г., поради констатирано непочитување на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 12.04.2021 г. согласно Заклучокот арх.бр.02-1589/3 од 12.04.2021 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1223/1 од 25.03.2021 г.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

| Примено / Pranuar: 25.03.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 1223 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен – со проширен опфат поради претставка (иницијатива на физичко лице)[1];

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** од 1 до 19 март 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 март 2021 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 1 до 19 март 2021 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио**

---

[1]Во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор за 2021 година, редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје беше планиран за 3 март 2021 година. Бидејќи во периодот на реализација на надзорот, во Агенцијата пристигна претставка за радиодифузерот (наш број 03-3 од 17.03.2021 година) за правилата за заштита на малолетните лица, мониторингот за почитувањето на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица беше одвоен од мониторингот врз другите законски одредби што вообичаено се проверуваат со редовниот надзор и проширен на повеќе денови од март, односно го опфати периодот од 1 до 19 март 2021 година.

**и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Имено, во анализираниот календарски период од 1 до 19 март 2021 година, репризите - емитувани по 14:30 часот, и премиерите на играниот серијал „Ангели" - емитувани по 22:30 часот, беа категоризирани како – „*Програма од Втора категорија - што не се препорачува за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател*". Но, **по извршената анализа на емитуваните епизоди**, и тоа според критериумите од членот 14 од „*Правилникот за заштита на малолетните лица*", **се покажа дека требало да бидат означени со предупредувачка ознака *„12+"* – *Трета категорија програма,*** *за чие следење е неопходен надзор од родител или старател* **и да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот, бидејќи содржат долготрајни, експлицитни сцени на брутално насилство и на последици од психофизичка тортура.** Што значи дека репризите од серијалот „Ангели" веќе не може да се емитуваат во досегашниот попладневен програмски период, туку мора да се поместат по 20 часот.

Просечното времетраење на една епизода од играниот серијал „Ангели" е 45 минути[2], а во табелата подолу евидентирани се почетокот и крајот од реалниот период на емитувањето, сосе прекините за ТВ-дневник, за самопромотивни најави и за комерцијални комуникации.

| Наслов на емисијата | Датум | Премиера | | Број на епизода | Реприза | | Број на епизода | Категорија на програмата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | почеток | крај | | почеток | крај | | |
| *„Ангели" – серијал* | 1/2 март | 22:41:23 | 00:32:36 | 115 | 14:46:12 | 17:03:15 | 114 | Сите означени како програми од ***Втора категорија*** – *не се препорачува за деца под 8 години, препорачлив е надзор од родител / старател;* |
| | 2/3 март | 22:42:17 | 00:30:54 | 116 | 14:43:00 | 17:06:08 | 115 | |
| | 3/4 март | 22:41:45 | 00:32:54 | 117 | 14:42:14 | 17:04:45 | 116 | |
| | 4/5 март | 22:43:53 | 00:33:08 | 118 | 14:39:09 | 17:02:52 | 117 | |
| | 5/6 март | 22:43:43 | 00:29:55 | 119 | 14:34:50 | 17:00:00 | 118 | |
| | 8/9 март | 22:40:26 | 00:30:53 | 120 | 14:33:55 | 16:53:55 | 119 | |
| | 9/10 март | 22:39:43 | 00:29:12 | 121 | 14:36:36 | 16:54:16 | 120 | |
| | 10/11 март | 22:42:14 | 00:28:36 | 122 | 14:40:45 | 17:06:00 | 121 | |
| | 11/12 март | 22:40:07 | 00:29:41 | 123 | 14:43:42 | 17:01:17 | 122 | |
| | 12/13 март | 22:43:54 | 00:29:14 | 124 | 14:39:50 | 17:01:30 | 123 | |
| | 15/16 март | 22:38:52 | 00:33:09 | 125 | 14:40:02 | 16:56:17 | 124 | |
| | 16/17 март | 22:45:22 | 00:34:52 | 126 | 14:39:23 | 16:45:27 | 125 | |
| | 17/18 март | 22:41:04 | 00:23:17 | 127 | 14:36:37 | 17:05:01 | 126 | |
| | 18/19 март | 22:41:00 | 00:26:51 | 128 | 14:04:14 | 16:57:47 | 127 | |

Во секоја од епизодите наведени во табелата, земена како засебна аудиовизуелна целина, интензитетот (времетраењето и режисерскиот пристап) на прикажаното психофизичко насилство - варира, но сепак, без исклучок, во одредена мерка епизодите содржат:

---

[2] Во изворната продукција, поединечните епизоди траат од 120 до 160 минути, па низ три сезони првично се емитувани 113 епизоди, но во меѓународната дистрибуција АТВ епизодите ги крати на времетраење од 45 минути, односно за прикажување се планирани вкупно 385 епизоди. Податоков е достапен на: http://www.atvdistribution.com/series/orphan-flowers

- чести и повторливи сцени / глетки со гестуални, вербални и визуелни прикази понижување на човековото достоинство (*на пример: клетви, погрдни зборови, закани и – затворање на еден од главните женски ликови во кафез*);

- „булинг", меѓугенерациско / врсничко насилство меѓу девојки од интернат;

- родова / социјална – стереотипија и дискриминација.

За илустрација, од анализата во извештајов се издвоени вкупно четири епизоди од серијалот што содржат долготрајни, експлицитни сцени на брутално насилство и на последици од психофизичка тортура.

*1. Епизода 114, репризирана на 1 март 2021 година*

Долготрајна секвенца, со времетраење од 15:06:00 до 15:48:18, прикажува – „*чедоморство*": ментално и емотивно растроена жена си го дави новороденчето во леген. Чинот не е прикажан експлицитно, туку причините и последиците се дадени контекстуално преку драматуршки параферналии: - навестувачки детали од амбиентот (ентериерот); - костимографијата; - расеаниот внатрешен монолог на главниот лик; - музиката; - колективната актерска игра што ги потсилува стравот и очајот на главните женски ликови, придружни за доминантниот мотив од секвенцата.

Секвенцата – „*убиство - погреб*"[3] - составена е од 6 сцени, снимени со крупни и со среднокрупни планови, монтажно споени во т.н. „скалесто сиже":

- 1 сцена: од 15:06:00 до 15:07:44;
- 2 сцена: од 15:11:00 до 15:12:00;
- 3 сцена: од 15:13:34 до 15:14:57;
- 4 сцена: од 15:18:00 до 15:28:29;
- 5 сцена: од 15:37:56 до 15:44:48;
- 6 сцена: од 15:44:49 до 15:48:18.

*2. Епизода 116, репризирана на 3 март 2021 година*

Две долготрајни секвенци, споени низ монтажа на т.н. „паралелно сиже", со вкупно времетраење од 14:51:40 до 15:43:13. Првата секвенца прикажува - „*заложништво на група луѓе под закана со пиштол*", а втората секвенца прикажува „*заложништво на единка под закана со нож*".

Првата секвенца – „*заложништво – физичка пресметка - полициска интервенција – фатални последици*", составена е од 7 сцени, главно снимени со крупни и со среднокрупни планови, без посебно режисерско инсистирање на детали од повреди како

[3] Посебно поради оваа сцена, која предизвикала бројни реакции на гледачите поради несоодветна класификација и необележување со предупредувачка сигнализација, **RTÜK** – турското регулаторно тело за радио и за телевизија, пред неколку години парично ја казнило комерцијалната АТВ, која е и продуцент и дистрибутер на серијалот.
Податоков е достапен на: https://www.cumhuriyet.com.tr/haber/rtuk-5-diziye-ceza-yagdirdi-664086

последица од физичко насилство, но со нагласена емотивна напнатост / страв во сцените:

- 1 сцена: од 14:51:17 до 14:55:47;
- 2 сцена: од 14:56:08 до 14:57:18;
- 3 сцена: од 14:57:32 до 15:00:19;
- 4 сцена: од 15:03:28 до 15:06:08;
- 5 сцена: од 15:08:33 до 15:14:00;
- 6 сцена: од 15:15:46 до 15:23:38;
- 7 сцена: од 15:37:36 до 15:40:48.

Втората секвенца – „*заложништво – физичка пресметка – закани по живот - ослободување*“, составена е од 4 сцени, главно снимени со крупни и со среднокрупни планови, со посебно режисерско инсистирање на детали од повреди како последица од физичко насилство (*претепување со дрвена палка и сечење со нож по лице и по дланки*), и со нагласена емотивна напнатост / страв во сцените:

- 1 сцена: од 15:06:09 до 15:08:32;
- 2 сцена: од 15:25:19 до 15:27:44;
- 3 сцена: од 15:37:20 до 15:37:35;
- 4 сцена: од 15:40:49 до 15:43:40.

*3. Епизода 119, анализирана реприза од 8 март 2021 година*

Долготрајна секвенца, со времетраење од 14:52:50 до 15:07:05, прикажува психофизички садизам врз инвалидизирано лице: ментално растроен сопруг си ја навредува / понижува потполно неподвижната сопруга (*на пример: во една од претходните епизоди ѝ го крши показалецот*), а потоа се обидува да ја силува паштерката, која по долга физичка пресметка – бега, и се фрла низ прозорец.

Секвенцата – „*садизам, како карактеризација на еден од главните антагонисти во серијалот - понижување – физичка тортура*“, составена е од 5 сцени, снимени главно со крупни и со среднокрупни планови, монтажно споени преку т.н. „скалесто сиже“:

- 1 сцена: од 14:45:12 до 14:48:05;
- 2 сцена: од 14:48:51 до 14:50:01;
- 3 сцена: од 14:51:06 до 14:57:01;
- 4 сцена: од 14:59:20 до 15:02:35;
- 5 сцена: од 15:05:05 до 15:08:00.

*4. Епизода 125, анализирана реприза од 16 март 2021 година*

Долготрајна секвенца, со времетраење од 15:14:50 до 16:41:32, прикажува – обид за убиство и заложништво: главниот антагонист во серијата, со метална палка брутално до бесвест го претепува момчето на својата паштерка, а нејзе ја грабнува и ја затвора во кафез, импровизиран во планинска колиба.

Секвенцата – *„обид за убиство - заложништво“*, составена е од пет сцени, со посебно режисерско инсистирање на детали од повреди како последица од физичко насилство, снимени главно со крупни и со среднокрупни планови, монтажно споени преку т.н. „скалесто сиже“:

- 1 сцена: од 15:14:50 до 15:20:50;
- 2 сцена: од 15:31:31 до 15:32:55;
- 3 сцена: од 15:43:58 до 15:48:32;
- 4 сцена: од 15:53:39 до 15:59:56;
- 5 сцена: од 16:40:30 до 16:41:32.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 1 до 19 март 2021 година, премиерите и репризите на играниот серијал „Ангели“ беа погрешно категоризирани и означени како програма од Втора категорија (8+), а репризите беа емитувани и во несоодветен временски период од денонoќието.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***